# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 87** **20 април 2021, вторник** **година LXXVII**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**С О Д Р Ж И Н А**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1327. | **Закон** за дополнување на Законот за јавните набавки | 2 |
| 1328. | **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена | 2 |
| 1329. | **Одлука** за испраќање на припадник на армијата на Република Северна Македонија за учество на вежба „Trojan Footprint 21“ во Сојузна Република Германија | 3 |
| 1330. | **Правилник** за формата и содржината на барањето за финансиска поддршка за исплата на финансиски средства на физички лица кои вршат самостојна дејност | 3 |
| 1331. | **Правилник** за формата и содржината на барањето за финансиска поддршка за исплата на плати на работниците | 6 |
| 1332. | **Одлука** за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија | 10 |
| 1333. | **Одлука** за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија | 11 |
| 1334. | **Одлука** за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија | 13 |
| 1335. | **Одлука** за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија | 15 |
| 1336. | **Одлука** за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија | 16 |
| 1337. | **Одлука** за изменување на Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија | 18 |
| 1338. | **Одлука** за изменување на Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија | 19 |
| 1339. | **Решение** за утврдување на регулаторна тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП „Водовод“ Охрид за регулиран период 2021-2023 година | 19 |
| 1340. | **Решение** за утврдување на регулаторна тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП „Нискоградба“ Охрид за регулиран период 2021-2023 година | 20 |

Стр.
1341. **Решение** за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ОЈП „ВАРДАР“ Брвеница за регулиран период 2021-2023 година................................ 21

Стр.
1342. **Решение** за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ОЈП „ВАРДАР“ Брвеница за регулиран период 2021-2023 година ............................... 22
**Огласен дел** ....................................... 1-88

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1327.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ**

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за јавните набавки,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 18 април 2021 година.

Бр. 08-1965/1
18 април 2021 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ**

Член 1

Во Законот за јавните набавки* („Службен весник на Република Македонија“ број 24/19), во членот 103 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) По исклучок од ставовите (2) и (3) на овој член, договорниот орган од класичниот јавен сектор може да предвиди аванс поголем од 20% од вредноста на договорот без обврска за обезбедување банкарска гаранција за авансно плаќање од носителот на набавката во постапките за јавни набавки на имунолошки производи за справување со SARS COV 2.“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето „Службен весник на Република Северна Македонија“.

---

**L I GJ**
**PËR PLOTËSIMIN E LIGJIT TË FURNIZIMEVE PUBLIKE**

Neni 1

Në Ligjin e Furnizimeve Publike (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 24/19), në nenin 103, pas paragrafit (3) shtohet paragraf i ri (4) siç vijon:

“(4) Me përjashtim të paragrafëve (2) dhe (3) të këtij neni, Autoriteti kontraktues nga sektori publik klasik mund të parashikojë parapagim më të lartë se 20% të vlerës së marrëveshjes pa detyrim për të siguruar garanci bankare për parapagim nga bartësi i furnizimit në procedurat e furnizimeve publike të produkteve imunologjike për përballje me SARS COV 2.“.

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1328.**

Врз основа на член 28 став (8) и член 58 став (1) од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15, 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 257/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 20 април 2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕВЕНТИВНИ ПРЕПОРАКИ, ВРЕМЕНИ МЕРКИ, НАРЕДЕНИ МЕРКИ, НАМЕНСКИ ПРОТОКОЛИ, ПЛАНОВИ И АЛГОРИТМИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЗДРАВЈЕТО НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНАТА БОЛЕСТ COVID-19 ПРЕДИЗВИКАНА ОД ВИРУСОТ SARS-CoV-2, СЛУЧАИТЕ И ВРЕМЕНСКИОТ ПЕРИОД НА НИВНА ПРИМЕНА**

Член 1

Во Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/20, 269/20, 275/20, 287/20, 292/20, 298/20, 304/20, 306/20, 317/20, 13/21, 45/21, 53/21, 55/21, 58/21, 64/21, 65/21 и 75/21), во член 13 став 1 во точката 2. точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „освен организирање и одржување на пионерски, кадетски и младински спортски натпревари, како и професионални спортски натпревари, без присуство на гледачи/публика, исклучиво по наменски одобрени протоколи и по претходно извршено PCR тестирање пред одигрување на натпреварот од страна на клубовите“.

Во точката 11. зборовите „од 7 април 2021 година (среда) до 20 април 2021 година (вторник)“ се заменуваат со зборовите „од 20 април 2021 година (вторник) до 27 април 2021 година (вторник)“.

Во точката 12. во ставот 1 зборовите „од 6 април 2021 година (вторник) до 20 април 2021 година (вторник)“ се заменуваат со зборовите „од 20 април 2021 година (вторник) до 27 април 2021 година (вторник)“.

Во точката 14. зборовите „од 6 април 2021 година (вторник), до 20 април 2021 година (вторник)“ се заменуваат со зборовите „од 20 април 2021 година (вторник), до 27 април 2021 година (вторник)“.

Во точката 15. зборовите „од 6 април 2021 година (вторник), до 20 април 2021 година (вторник)“ се заменуваат со зборовите „од 20 април 2021 година (вторник), до 27 април 2021 година (вторник)“, а точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите „освен обуките кои ќе ги спроведува Министерството за образование и наука за наставниот кадар, а се однесуваат на континуиран и непречен тек на образовниот процес во основното и средното образование и по наменски протоколи“.

Член 2

Во член 15 став 1 по точката 76. се додава нова точка 77., која гласи:

„77. Протокол за постапување при реализација на државните и меѓународните тестирања во основните и средните училишта – Прилог број 77“.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-678/9
20 април 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

Прилог број 77

Протокол
за постапување при реализација на државните и меѓународните тестирања во основните и средните училишта

- Во основните и средните училишта каде се реализира државно или меѓународно тестирање треба да се обезбедат сите санитарно-хигиенски услови.
- Задолжително вршење на дезинфекција на клупите и столчињата во просториите каде ќе се врши полагањето на учениците со дезинфекционо средство кое делува на вируси според упатство од производителот.
- Сите учесници во реализацијата на државните и меѓународните тестирања (координатори, тестатори, набљудувачи, редари и хигиеничари) задолжително да носат заштитна опрема на денот на испитите.
- Користење заштитна опрема (респираторна маска ФФП2 или повисок стандард, хируршка маска за еднократна употреба, текстилна маска за повекекратна употреба, свилена марама или шал, памучна марама или шал, бандана и слично) со која ќе биде покриен пределот на устата и носот од страна на сите кандидати кои ќе учествуваат во државното или меѓународно тестирање и сите лица вклучени во негова реализација во основните или средните училишта.
- Организирање на просторот во училниците со цел спроведување на редот и одржување на потребното физичко растојание меѓу учениците од минимум 2 метри и присуство на максимум 15 кандидати во една просторија.
- Просториите во кои се реализира државното или меѓународно тестирање пред почеток на тестирањето, треба да се проветрени (влез на свеж воздух во траење од најмалку 30 минути).
- Организирање на редарска служба во училиштето, со цел спроведување на редот и одржување на потребното растојание меѓу учениците од минимум 2 метри пред влегувањето и внатре во училиштето и тоа редари пред влезот на училиштето и редари во училиштето. Редарите да се ангажираат од редот на вработените во училиштето, за што одлучува директорот на основното или средното училиште.
- Поставување на ознаки со кои се означува правец на движење и запазување на минимум потребното растојание при чекање ред на учениците пред и внатре во училиштето.
- Задолжително носење прибор за пишување.
- Поставување средство за дезинфекција пред училиштето и задолжителна дезинфекција на рацете на сите кандидати и сите инволвирани во реализација на државното или меѓународното тестирање пред да влезат во училиштето.
- На крајот на секој ден задолжително механичко чистење и дезинфекција со средство кое делува на вируси според упатство од производителот. Алтернативно може да се користи 0,05% натриум хипохлорит (5% белило за домаќинство кое се користи во размер 1:100) или 70% алкохол за дезинфекција на горни површини.
- Редовно чистење и одржување на тоалетите со задолжително водење на евиденција за спроведеното чистење и употреба на горенаведените дезинфекциони средства.

Заради заштитата на здравјето, се повикуваат сите кандидати кои ќе учествуваат во државно или меѓународно тестирање на доследно почитување на превентивните мерки од Владата на Република Северна Македонија:

- Бидете трпеливи, чекајте во ред пред училиштето и одржувајте најмалку 2 метри растојание од лицата околу вас, пред и во училиштето.
- Почитувајте ги препораките на редарите и влегувајте во училиштето еден по еден т.е откако редарот ќе ви дозволи.
- Задолжително носете заштитна опрема (маска, марама или шал), во спротивно нема да ви биде дозволен влез во училиштето.

---

**1329.**

Врз основа начлен 41-а став (3) од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11 и 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 20 април 2021 година, донесе

**О Д Л У К А
ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА ПРИПАДНИК НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА УЧЕСТВО НА ВЕЖБА „TROJAN FOOTPRINT 21“ ВО СОЈУЗНА РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА**

1. За учество на вежбата „Trojan Footprint 21“ која ќе се одржи во Сојузна Република Германија, во период од 21 април до 14 мај 2021 година се испраќа еден припадник на Армијата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Армијата).
2. Финансиските трошоци за транспорт, сместување и исхрана на припадникот на Армијата ги обезбедува Амбасадата на Соединетите Американски Држави.
3. Подготовките и организацијата на припадниците на Армијата, ќе ги изврши Министерството за одбрана.
4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-4725/1
20 април 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**1330.**

Врз основа на член 3 став (1) од Законот за финансиска поддршка на физички лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот COVID-19, за месеците февруари и март 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 85/21), министерот за финансии донесе

**П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИСПЛАТА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА КОИ ВРШАТ САМОСТОЈНА ДЕЈНОСТ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за финансиска поддршка за исплата на финансиски средства на физички лица кои вршат самостојна дејност.

Член 2

Барањето за финансиска поддршка за исплата на финансиски средства на физички лица кои вршат самостојна дејност се поднесува на образец „БФС-СВД/3“ отпечатен на хартија во бела боја во А-4 формат.

Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20-2857/1
20 април 2021 година
Скопје

Министер за финансии,
д-р **Fatmir Besimi,** с.р.

**ПРИЛОГ**

Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# БАРАЊЕ
## за финансиска поддршка за исплата на финансиски средства на физички лица кои вршат самостојна дејност

**БФС-СВД/3**

** Пополнува Управа за јавни приходи*

Датум и број на прием

Единствен даночен број

Единствен матичен број на граѓанинот

Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт

Телефон

е-пошта

Трансакциска сметка

## А. СВОЈСТВО НА БАРАТЕЛОТ

☐ Физичко лице кое врши самостојна дејност и се оданочува според вистински доход

☐ Физичко лице кое врши самостојна дејност и се оданочува според утврден годишен паушален нето доход

## Б. МЕСЕЦ ЗА КОЈ СЕ БАРА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИСПЛАТА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Месец ____ Година ____

## В. УСЛОВИ ПОД КОИ СЕ ДОЗВОЛУВА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИСПЛАТА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

☐ а) Месечниот просек на вкупните приходи од редовното работење остварени во периодот ноември, декември 2020 година и јануари 2021 година, односно декември 2020 година, јануари и февруари 2021 година се намалени најмалку за 30% во однос на месечниот просек на вкупните приходи од редовното работење остварени во периодот од месец ноември, декември 2019 година и јануари 2020 година, односно декември 2019 година, јануари и февруари 2020 година.

** За обврзниците регистрирани после месец јануари 2020 година, намалувањето е во однос на вкупните приходи од редовното работење остварени од денот на запишувањето во соодветен регистар до крајот на месец октомври, односно ноември 2020 година.*

** За физичко лице кое во 2020 година се оданочувало по вистински доход, а во 2019 година се оданочувало според утврден годишен паушален нето доход намалувањето е во однос на месечниот просек на вкупните приходи од редовното работење остварени од денот кога физичкото лице кое врши самостојна дејност отпочнало да се оданочува по вистински доход до крајот на месец октомври, односно ноември 2020 година.*

☐ б) Остварениот нето доход пред оданочување зголемен за непризнаените расходи за даночни цели во даночниот биланс за 2020 година, односно утврдениот паушален нето-доход за 2020 година не е поголем од 478.800 денари.

☐ в) За времетраење на финансиската поддршка и четири месеци по месецот за кој се користи финансиската помош, нема да престанам со вршење на дејноста, освен во случај на пензионирање или смрт на физичкото лице.

## Г. ИЗЈАВА НА БАРАТЕЛОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИСПЛАТА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

☐ **Изјавувам дека ги разбирам горенаведените услови под кои се дозволува финансиската поддршка и под полна материјална и кривична одговорност изјавувам дека точно се потполнети бараните податоци и дека ги исполнувам условите**

## ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ

Назив / Име и презиме

ЕДБ / ЕМБГ

Датум на поднесување

Својство

Потпис

## ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛ

Име и презиме

ЕМБГ

Датум на поднесување

Својство

Потпис

** Пополнува Управа за јавни приходи*

Податоци за обработката

## УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ

БФС-СВД/3

Врз основа на Законот за финансиска поддршка на физички лица кои вршат самостојна дејност погодени од здраствено-економската криза предизвикана од вирусот COVID-19, за месеците февруари и март 2021 година за остварување на правото физичкото лице кое врши самостојна дејност поднесува Барање за финансиска поддршка за исплата на финансиски средства до Управата за јавни приходи.

Поднесувањето на барањето се врши преку системот е-Персонален данок https://e-pdd.ujp.gov.mk, а комплетноста на Барањето го потврдува Управата за јавни приходи, во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

**ПОДАТОЦИ ЗА БАРАТЕЛ**

- **Единствен даночен број (ЕДБ)** - се впишува Единствениот даночен број на барателот.
- **Единствен матичен број на граѓанинот** - се впишува Единствениот матичен број на граѓанинот (ЕМБГ) на лицето кое врши самостојна дејност.
- **Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт** - се впишува скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт.
- **Контакт** - се впишува е-пошта и телефон.
- **Трансакциска сметка** - се внесува трансакциската сметка преку која лицето врши трансакции за дејноста.

**А. СВОЈСТВО НА БАРАТЕЛОТ** - се означува соодветно поле согласно начинот на оданочување на остварен доход од вршење на самостојна дејност. Доколку оданочувањето е според вистински доход се одбира “Физичко лице кое врши самостојна дејност и се оданочува според вистински доход”, доколку пак, оданочувањето е според годишен утврден паушален нето доход се одбира “Физичко лице кое врши самостојна дејност и се оданочува според утврден годишен паушален нето доход”.

**Б. МЕСЕЦ ЗА КОЈ СЕ БАРА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИСПЛАТА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА** - се одбира само еден од понудените месеци за кој бара субвенција за кој ги исполнува условите.

**В. УСЛОВИ ПОД КОИ СЕ ДОЗВОЛУВА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИСПЛАТА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА**

- Барателот - физичко лице кое врши самостојна дејност и се оданочува според вистински доход, треба да ги исполнува сите наведени услови во оваа рубрика, додека барателите кои започнале со вршење на дејност во текот на 2021 година и не се оданочуваат според паушално утврден нето-доход треба да ги исполнуваат условите под а) и в),
- Барателот - физичко лице кое врши самостојна дејност и се оданочува според утврден годишен паушален нето-доход треба да ги исполнува условите под б) и в), додека барателите кои започнале со вршење на дејност во текот на 2021 година и се оданочуваат според паушално утврден нето-доход треба да го исполнат условот под в).
-

**Г. ИЗЈАВА НА БАРАТЕЛОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИСПЛАТА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА**

Барателот изјавува под целосна материјална и казнена одговорност дека ги има разбрано условите под кои се дозволува финансиската поддршка, точно се потполнети бараните податоци и дека ги исполнува соодветните услови кои се однесуваат на барателот (според начинот на оданочување).

**ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ И ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО**

Се пополнуваат податоците за составувачот и подносителот на барањето.

**1331.**

Врз основа на член 3 став (1) од Законот за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот COVID-19, заради исплата на платите за месеците февруари и март 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 85/21), министерот за финансии донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИ НА РАБОТНИЦИТЕ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за финансиска поддршка за исплата на плати на работниците.

Член 2

Барањето за финансиска поддршка за исплата на плати на работниците се поднесува на образец „БФП-ИП/3“ отпечатен на хартија во бела боја во А-4 формат.

Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20-2858/1
20 април 2021 година
Скопје

Министер за финансии,
д-р **Fatmir Besimi,** с.р.

**ПРИЛОГ**

Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# БАРАЊЕ
## за финансиска поддршка за исплата на платите на работниците

**БФП-ИП/3**

** Пополнува Управа за јавни приходи*

| | |
|---|---|
| Единствен даночен број | |
| Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт | |
| Телефон | |
| е-пошта | |

| | |
|---|---|
| Датум и број на прием | |

### А. СВОЈСТВО НА БАРАТЕЛОТ

☐ Работодавач - правно лице ☐ Работодавач - самовработено лице за своите вработени

### Б. МЕСЕЦ ЗА КОЈ СЕ БАРА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

☐ Месец ☐ Година

### В. УСЛОВИ ПОД КОИ СЕ ДОЗВОЛУВА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА

а) Месечниот просек на вкупните приходи од редовното работење остварени во периодот ноември, декември 2020 година и јануари 2021 година, односно декември 2020 година, јануари и февруари 2021 година намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење на работодавачот-барател на финансиска поддршка во однос на месечниот просек на вкупните приходи од редовното работење остварени во периодот ноември, декември 2019 година и јануари 2020 година, односно декември 2019 година, јануари и февруари 2020 година, намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење се намалени за:

☐ %

** За обврзниците регистрирани после месец јануари 2020 година, намалувањето е во однос на вкупните приходи од редовното работење остварени од денот на запишувањето во соодветен регистар до крајот на месец октомври, односно ноември 2020 година.*

б) Бројот на вработени во месецот за кој се бара финансиска поддршка е ист или поголем во однос на бројот на вработени заклучно со месец декември 2020 година, со исклучок на одјавените работници по оправдание основи на престанок на работен однос освен за работодавачот-барател на финансиска поддршка кој врши дејност наведена согласно со Националната класификација на дејности - НКД Рев. 2: угостителска дејност (шифра 56 - дејности за подготовка и служење на храна и шифра 55 - објекти за сместување) и транспорт (шифра 49 - копнен транспорт и цевоводен транспорт) кој поради здравствените протоколи има затворено најмалку 50% од своите капацитети преку кои го остварува прометот

в) Не е исплатена дивиденда на сопствениците и не е извршена исплата по основ на награда за деловна успешност или друг вид на годишна награда на вработените и органите на управување и надзор на работодавачот - барател на финансиска поддршка од денот на влегувањето во сила на Законот за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот covid- 19, заради исплата на платите за месеците февруари и март 2021 година, до денот на исплатата на платата за месец март 2021 година

г) Работникот за кого се бара финансиска поддршка, нема остварено нето плата поголема од 39.900 денари за месеците октомври, ноември и декември 2020 и јануари 2021 година, за секој месец одделно и сразмерно на часовите на пријавено работно време

д) Не се исплатува нето плата повисока од 120.000 денари за месецот за кој се бара финансиската поддршка на повеќе од 10% од вкупниот број на вработени

ѓ) За работникот за кого се бара финансиска поддршка, не се користи ослободување од плаќање на данокот на личен доход и придонеси од задолжително социјално осигурување, согласно со Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност (за мерките од проектот "Македонија вработува")

е) Работникот за кого се бара финансиска поддршка не е работник пријавен на дополнително работно време согласно член 121 од Законот за работните односи

ж) Во годишната сметка и финансиските извештаи за 2017, 2018 и 2019 година, имам остварено кумулативно акумулирани добивки помали од 600.000.000 денари, односно во годишната сметка и финансиските извештаи за 2017, 2018 и 2019 година имам остварено кумулативно акумулирани добивки поголеми од 600.000.000 денари и имам повеќе од 2.000 вработени лица во месецот за кој користам финансиска подршка

з) За времетраење на финансиската поддршка и два месеци после месецот за кој е користена финансиската поддршка, бројот на вработени , во однос на бројот на вработени во месецот за кој ќе користам финансиска поддршка, нема да се намали освен согласно условите дефинирани во Законот за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот covid- 19, заради исплата на платите за месеците февруари и март 2021 година

### Г. ИЗЈАВА НА БАРАТЕЛОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

☐ **Ги разбирам горенаведените услови под кои се дозволува финансиската поддршка и под полна материјална и кривична одговорност изјавувам дека точно се пополнети бараните податоци и ги исполнувам горенаведените услови.**

**ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив / Име и презиме | | | |
| ЕДБ / ЕМБГ | | Датум на поднесување | |
| Својство | | Потпис | |

**ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме | | | |
| ЕМБГ | | Датум на поднесување | |
| Својство | | Потпис | |

** Пополнува Управа за јавни приходи*

| | |
|---|---|
| Податоци за обработката | |

## УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ

БФП-ИП/3

Врз основа на Закон за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено економската криза предизвикана од вирусот COVID-19, заради исплата на платите за месеците февруари и март 2021 година, за остварување на правото работодавачот поднесува Барање за финансиска поддршка за исплата на платите на работниците до Управата за јавни приходи.

Поднесувањето на барањето се врши преку системот е-Даноци hiip://etax.ujp.gov.mk, а комплетноста на Барањето го потврдува Управата за јавни приходи, во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

**ПОДАТОЦИ ЗА БАРАТЕЛ**

- **Единствен даночен број (ЕДБ)** - се впишува Единствениот даночен број на барателот.
- **Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт** - се впишува скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт.
- **Контакт** - се впишува е-пошта и телефон.

**А. СВОЈСТВО НА БАРАТЕЛОТ** - се означува соодветно поле согласно формата преку која ја врши својата дејност. Доколку е регистриран како трговско друштво одбира Работодавач - правно лице, доколку е регистриран како физичко лице кое врши самостојна дејност одбира Работодавач - самовработено лице за своите вработени.

**Б. МЕСЕЦ ЗА КОЈ СЕ БАРА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА**

Се одбира само еден од понудените месеци за кој барателот ги исполнува условите и побарува финансиска поддршка за исплата на плата.

**В. УСЛОВИ ПОД КОИ СЕ ДОЗВОЛУВА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА**

Барателот го внесува процентот на намалување на месечниот просек на вкупните приходи со внесување на нумерички знаци, а децималите се одвојуваат со точка (пример 40.25) без внесување на знакот %.

**Г. ИЗЈАВА НА БАРАТЕЛОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА**

Барателот изјавува дека под целосна материјална и казнена одговорност сите податоци дадени во ова барање се проверени и целосно вистинити.

**ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ И ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО**

Се пополнуваат податоците за составувачот и подносителот на барањето.

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1332.**

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 и член 42 став (1) точка 2) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) и член 14 став (1) точка 2) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 15 април 2021 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. На Трговското друштво за производство, трговија и услуги БИО ЕНЕРЏИ ДОО увоз-извоз Чешиново, Чешиново-Облешево му се издава привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ “БИО ЕНЕРЏИ СОЛАР”.

2. Привремената лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија е дадена во Прилог, којшто е составен дел на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

УП1 бр. 12-26/21
15 април 2021 година
Скопје

Претседател
на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија,
**Марко Бислимоски,** с.р.

**Прилог:**

### ПРИВРЕМЕНА ЛИЦЕНЦА
### ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

**1. Назив и седиште на носителот на привремена лиценца**

Трговско друштво за производство, трговија и услуги БИО ЕНЕРЏИ ДОО увоз-извоз Чешиново, Чешиново-Облешево, со седиште на ул. Браќа Ставреви бр. 10 Чешиново, Чешиново-Облешево, Република Северна Македонија

**2. Енергетската дејност за која се издава привремена лиценца**:

Производство на електрична енергија

**3. Евидентен број на привремена лиценца**: ЕЕ-ПРОИЗ-469-2021

**4. Единствен матичен број**: 6882250

**5. Единствен даночен број**: 4013013509939

**6. Локација на вршење на енергетската дејност**

Носителот на привремената лиценца, енергетската дејност производство на електрична енергија ќе ја врши од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ “БИО ЕНЕРЏИ СОЛАР” на КП бр.342/1, КО Чешиново, Општина Чешиново - Облешево.

**7. Право на приклучување и пристап на системот за дистрибуција на електрична енергија**

Носителот на привремената лиценца има право на приклучување и пристап на системот за дистрибуција на електрична енергија заради исполнување на условите за издавање на лиценца за вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија во согласност со Законот за енергетика и во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

**8. Права, обврски и одговорности на носителот на привремена лиценца**

Правата, обврските и одговорностите на носителот на привремената лиценца во врска со вршењето на енергетската дејност, неговото учество на пазарот на електрична енергија, начинот и постапката за доставување на извештаи за финансиското работење и начинот на извршување на дејноста, како и начинот и постапката за доставување на извештаи, информации и други податоци потребни за следење на функционирањето на пазарот на електрична енергија ќе бидат уредени со лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија.

**9. Производни капацитети со кои ќе се врши енергетската дејност**

Енергетската дејност производство на електрична енергија, ќе се врши од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ “БИО ЕНЕРЏИ СОЛАР” со следните технички карактеристики:

а) назив на фотонапонска електроцентрала: ФЕЦ “БИО ЕНЕРЏИ СОЛАР”

б) моќност на фотонапонска електроцентрала: 499,84kW

в) проценет животен век на ФЕЦ: 35 години

г) податоци за опрема:

- тип и производител на фотонапонски панели: поликристални, JAM60D09 305-325/BP
- број на фотонапонски панели: 1.562
- моќност на фотонапонски панели: 320 Wp
- тип, производител и номинални податоци на инвертор:
- HUAWEI SUN2000-60 KTL – MO (60kW), 8 парчиња

д) годишно сончево зрачење на таа локација: 1540 kWh/m2

е) очекувано производство на електрична енергија: 701.549 MWh

---

Në bazë të nenit 24, paragrafi (1), pika 1), nënpika 17) dhe nenit 42, paragrafi (1), pika 2) të Ligjit të Energjetikës* ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 96/18 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 96/19) dhe nenit 14, paragrafi (1), pika 2) të Rregullores së licencave ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 dhe 44/21), Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe i Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 15 prill 2021, miratoi

**V E N D I M**
**PËR LËSHIMIN E LICENCËS SË PËRKOHSHME TË KRYERJES SË VEPRIMTARISË ENERGJETIKE PRODHIM I ENERGJISË ELEKTRIKE**

1. Shoqërisë Tregtare të Prodhimit, të Tregtisë dhe të Shërbimeve "BIO ENERXHI" SHPK import-eksport Çeshinovë, Çeshinovë-Obeleshevë i lëshohet Licencë e përkohshme e kryerjes së veprimtarisë energjetike prodhim i energjisë elektrike nga centrali elektrik diellor CED "BIO ENERXHI SOLAR".

2. Licenca e përkohshme e kryerjes së veprimtarisë energjetike, prodhim i energjisë elektrike është dhënë në shtojcë, e cila është pjesë përbërëse e këtij vendimi.

3. Ky vendim hyn në fuqi në datën e miratimit të tij dhe botohet në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut" dhe në faqen e internetit të Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

PA1 nr. 12-26/21
15.4.2021
Shkup

Kryetari
i Komisionit Rregullator i Energjetikës
dhe i Shërbimeve të Ujit të
Republikës së Maqedonisë së Veriut,
**Марко Бислимоски,** d.v.

**Shtojcë:**

**LICENCË E PËRKOHSHME**
**E KRYERJES SË VEPRIMTARISË ENERGJETIKE, PRODHIM I ENERGJISË ELEKTRIKE**

**1. Emri dhe selia e bartësit të licencës së përkohshme**:
Shoqëria Tregtare e Prodhimit, e Tregtisë dhe e Shërbimeve "BIO ENERXHI" SHPK import-eksport Çeshinovë, Çeshinovë - Obeleshevë, me seli në rr. "Vëllezërit Stavrev" nr. 10 Çeshinovë, Çeshinovë-Obeleshevë, Republika e Maqedonisë së Veriut

**2. Veprimtaria energjetike për të cilën lëshohet licenca e përkohshme**:
Prodhimi i energjisë elektrike

**3. Numri evidentues i licencës së përkohshme**: ЕЕ-ПРОИЗ-469-2021

**4. Numri amzë**: 6882250

**5. Numri i vetëm tatimor**: 4013013509939

**6. Lokacioni i kryerjes së veprimtarisë energjetike**
Bartësi i licencës e kryen veprimtarinë energjetike prodhim të energjisë elektrike nga centrali elektrik diellor CED "BIO ENERXHI SOLAR" në PK nr.342/1, KK Çeshinovë, Komuna Çeshinovë -Obeleshevë.

**7. E drejta për kyçje dhe qasje në sistemin e shpërndarjes së energjisë elektrike**
Bartësi i licencës së përkohshme ka të drejtë për kyçje dhe qasje në sistemin e shpërndarjes së energjisë elektrike, për shkak të plotësimit të kushteve për lëshimin e Licencës për kryerjen e veprimtarisë energjetike prodhim të energjisë elektrike në pajtim me Ligjin e Energjetikës dhe në pajtim me Rregullat e rrjetit të shpërndarjes së energjisë elektrike.

**8. Të drejtat, obligimet dhe përgjegjësitë e bartësit të licencës së përkohshme**:
